АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 04.05.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 2093 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** сите радиодифузери што емитувале радио и телевизиска програма во 2019 година

3. **Период опфатен со надзорот:** 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 мај 2020 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 15 став 5 од Законот за медиуми** („Службен весник на РМ" бр. 184/13 и 13/14)
  („Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа")

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Вкупно 115 радиодифузери[1] ја исполнија обврската да достават извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување во 2019 година, од нив 47 телевизии и 68 радиостаници.

Во законски утврдениот рок - до 31 март во тековната година, извештаите ги доставија вкупно 30 телевизии и 56 радија.

Следниве радиодифузери ги доставија извештаите по 31 март 2020 година: ТВ МОРИС, ТВ ПРОТЕЛ, ТВ СПЕКТРА, ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА, ТВ КОБРА, ТВ СВЕТ, ТВ

[1] ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга не е опфатено во Извештајот, бидејќи дозволата за емитување ја доби во април 2019 година, а започна со работа подоцна во текот на годината.

КАНАЛ - 21, ТВ КТВ, ТВ-СТАР, ТВ-АНИСА, ТВ КАНАЛ 8, ТВ АМАЗОН, ТВ ДИБРА, ТВ-КАНАЛ ВИС, ТВ ГУРРА, ТВ ДУЕ, ТВ ИРИС, РА АКТУЕЛ, РА ПЕЛА, РА Б-97, РА АНТЕНА 5, РА КОЧАНИ ФМ, РА ПЛУС ФОРТЕ, РА ЏЕЗ ФМ, РА ДЕЛФИН, РА КАНАЛ 77, РА ХИТ, РА АРАЧИНА, и РА ЛАВ.

Според податоците од доставените извештаи, сите радиодифузери генерално биле во рамки на програмските концепти утврдени во дозволите за емитување.

Посебно може да се издвојат следниве податоци:

**Телевизии**

Од вкупно 47 телевизии, 45 емитувале свои емисии вести во 2019 година. Вкупно 30 телевизии покрај своите вести емитувале и вести на странски сервиси. Вестите од сервисот *Гласот на Америка*, ги емитувале 26 телевизии. Вестите на *Радио Слободна Европа* ги емитувале 3 телевизии, а на *Дојче Веле* 2 телевизии.

31 телевизија известија дека во 2019 година, до 50% од програмата ја создавале надвор од своите простории, а на 10 од нив над 51% од емитуваната програма во текот на годината им била создадена надвор од просториите на телевизиите.

Шест телевизии (ТВ 24 Вести, ТВ Алсат-М, ТВ 21-М, ТВ Шења, ТВ ЕРА и ТВ Коха) во 2019 година се реемитувале и надвор од државата.

Програмите на вкупно 24 телевизии биле достапни на интернет, главно во живо (streaming), но и на барање (on demand).

Само 8 телевизии известија дека во 2019 година се соочиле со проблеми во работењето кои произлегуваат од законските обврски или пак од друга природа. Наведените проблеми се претежно финансиски - високи давачки кон ЗАМП и според нив нереално структурирана пресметка на надоместокот за дозвола. Меѓу другите наведени проблеми се и недостигот на македонска изворна програма, и бавните процеси на потпишување на договорите за реемитување со операторите на јавни електронски комуникациски мрежи.

**Радија**

Од вкупно 68 радија опфатени во извештајот, само 13 известија дека во 2019 година воопшто не емитувале вести. Вкупно 12 радија емитувале и туѓи вести. Станува збор за вестите од *Радио Слободна Европа* (5 радија), *Гласот на Америка* (5 радија), *МИА* (1 радио), и едно радио пријавило вести од друг домашен радиодифузер.

Вкупно 55 радија во 2019 година биле достапни на интернет, главно во живо (streaming).

Најголем број од радијата во текот на годината не се соочиле со проблеми при исполнувањето на програмскиот концепт или пак од друга природа. Само три радија известија за проблеми од финансиски, технички и кадровски причини.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог-мерка:/**

***Сектор за програмски работи***